АВТОРСКИ ПРАВА
© Овој документ е интелектуална сопственост на ENVIROPLAN S.A. и на неговите конзорциумски партнери. Секое неовластено користење или објавување од било кое лице освен она за кое истиот е наменет е строго забрането.

Оградување:
ENVIROPLAN S.A. и неговите конзорциумски партнери се целосно одговорни за содржината на оваа публикација, и истата не значи дека ги одразува ставовите на Европската унија

Содржина

3. ПОЛИТИКА, ПРАВНА И АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА 1
3.1 НАЦИОНАЛНИ И ЕУ РЕГУЛАТИВИ 2
3.1.1 РЕГУЛАТИВИ НА ЕУ 2
3.1.2 НАЦИОНАЛНИ РЕГУЛАТИВИ 3
3.2 ПОСТАПКА ЗА ОВЖС 5
3.3 ОВЖС ПРОЦЕДУРА ЗА СКОПСКИ РЕГИОН 8

Листа на слики

Слика 3 -1 Хиерархија на отпадот 1
Слика 3 - 2 Постапката за ОВЖС 9

3. ПОЛИТИКА, ПРАВНА И АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

Препознавајќи ги штетните ефекти од загадувањето на животната средина врз луѓето и квалитетот на животот, Република Македонија има развиено уставни одредби со кои се гарантира правото на здрава животна средина. Донесувањето и спроведувањето на националното законодавство покажува напори за постигнување на одржлива заштита на животната средина. Законот за животна средина е основана политиката за управување со животната средина, со што се обезбедуваат водечките принципи и инструменти на политиката.

Транспонирање на законодавството на ЕУ за управување со отпад во националното законодавство е една од главните и приоритетни задачи во процесот на воспоставување на соодветен систем за управување со отпад во земјата-корисничка, како и во процесот на пристапување кон ЕУ. Целосното транспонирање на Рамковната директива за отпад и Директивата за опасен отпад треба да биде направено во Законот за управување со отпад во краток рок како прв приоритет, затоа што и двете директиви ги поставуваат основните правила, принципите и структурата за правилно функционирање на системот за управување со отпад.

Слика 3 -1 Хиерархија на отпадот

Кога се спроведуваат проекти со главна цел да се воспостави интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад, во согласност со Законот за животна средина, треба да се спроведе постапка за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС).
Во согласност со Законот за животна средина, органот кој е одговорен за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти е Министерството за животна средина и просторно планирање или надлежниот орган во министерството – Секторот за животна средина. Секторот за животна средина ги има следните задачи и должности:

- Управување со отпад, воздух, хемикалии, бучава и други област и на животната средина;
- Должности за заштитата на природата, водите и почвата;
- Вршење на стручни работи и грижа за спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина и постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи;

- Управување со Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачи и загадувачки материи и нивните карактеристики;
- Спроведување на мониторинг на животната средина;
- Вршење на други работи утврдени со прописите од областа на животната средина.

Секторот за животна средина работи со четири сектори во кои секторот на животната средина со својата канцеларија за ОВЖС е одговорен за постапката за оцена на влијанието врз животната средина, како и за можноста за вклучување на други релевантни сектори и заинтересирани страни во согласнот на природата на проектот.

3.1 НАЦИОНАЛНИ И ЕУ РЕГУЛАТИВИ

3.1.1 Регулативи на ЕУ

Директивата за ОВЖС (85/337 / ЕЕС) е во сила од 1985 година и се однесува на широк спектар на дефинирани јавни и приватни проекти, кои се дефинирани во Анекс I и II:

Задолжителна ОВЖС: сите проекти кои се наведени во Анекс I се смета дека имаат значителни влијанија врз животната средина и ОВЖС е потребна.

Право на одлучување на земјите-членки (скрининг): За проектите наведени во Анекс II, националните власти треба да одлучатдали е потребна ОВЖС. Ова е направено одстрана на "скрининг процедура", која ги одредува ефектите на проектите врз основа на праговите / критериуми или од случај до случај. Меѓутоа, националните власти мора да ги земат предвид критериумите утврдени во Анекс III. Проектите наведени во Анекс II се оние кои не се вклучени во Анекс I.

Со цел да ја промовира примената на ОВЖС во ЕУ, Комисијата иницира и придонесува за подготовка на студии, извештаи и упатства. Овие можат да бидат од интерес за властите, подготвувачите на документите, консултантите, истражувачите, организациите и јавноста.

Преглед на документи:

- Оцена на влијанието врз животната средина на проекти – пресудите на Судот на правдата
- Кодифицирана верзија на Директивата за ОВЖС
- Директивата 85/337 / ЕЕС за оценување на ефектите од одредени јавни и приватни проекти врз животната средина
- Директива 97/11 / ЕС за изменување на Директивата 85/337 / ЕЕЗ
- Директивата 2003/35 / ЕС за обезбедување на учество на јавноста во однос на изготвување на одредени планови и програми од областа на животната средина и дополнување во однос на учество на јавноста и пристап до правдата Директивите на Советот 85/337 / ЕЕС и 96/61 / ЕС
- Директивата 2009/31 / ЕС за геолошкото складирање на јаглерод диоксид и дополнување на Директивите 85/337 / ЕЕС, 2000/60 / ЕС, 2001/80 / ЕС, 2004/35 / ЕЗ, 2006/12 / ЕЗ, 2008/1 / ЕС и Регулативата (ЕЗ) бр. 1013/2006
- Конвенцијата на УНЕЦЕ за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст (Еспо Конвенцијата на УНЕЦЕ)

– Конвенцијатана УНЕЦЕ за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина (Архуската конвенција на УНЕЦЕ)

3.1.2 Национални регулативи

Проектите кои може да имаат значително влијание врз животната средина поради нивниот карактер, обем или локацијата се предмет на постапка за ОВЖС. Оценувањето на проектите се врши преку идентификација, опис и оцена на влијанието врз животната средина за време на изградбата, работењето и затворањето на одредени проекти врз биолошката разновидност, почвата, површинските и подземните води, воздухот, материјалните добра, како и на климата, историското и културното наследство како и поврзаноста помеѓу овие елементи.

Постапката за ОВЖС е пропишана во Глава XI – оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти од Законот за животната средина (ЗЖС) ("Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15 и 39/2016). Во согласност со Анекс 1 од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на оцена на влијание врз животната средина ("Службен весникна РМ" бр 74/05, 109/09), регионалните депонии се регулирани во точка 8 од Анекс 1, Инсталации за депонирање на отпадот, горење и согорување и физички и хемиски третман на отпад, како проекти за кои ОВЖС е задолжителна.

Дополнително, постапката за ОВЖС е регулирана во повеќе детали во следните подзаконски акти, како што се:

1. Правилник за формата и содржината на барањето заради неможноста да се донесе одлука за одобрување или одбивање на барањето за спроведување на проектот ("Службен весник на РМ" бр. 130/11);
2. Правилник за видот и висината на трошоците кои ќе бидат покриени од страна на инвеститорот за вршење на оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 116/09);
3. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се определува потребата од спроведување на оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 74/05, 109/09);
4. Правилник за составот на комисијата и начинот на нејзината работа и на програмата и начинот на полагање на испитот, висината на надоместокот за полагање на стручниот испит и надоместокот за воспоставување и одржување на листата на експерти и начинот на стекнување и губење на статус на експерт за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и начинот и постапката за вклучување и исклучување од листата на експерти ("Службен весник на РМ" бр. 93/07);
5. Правилник за содржината на извештајот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 35/06);
6. Правилник за информациите содржани во известувањето на писмото за намера за извршување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06);
7. Правилник за условите кои треба да бидат исполнети од страна на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06);
8. Правилник за формата, содржината, постапката и начинот на изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина и постапката за

овластување на лицата од листата на експерти за оцена на влијанието на животната средина кои ќе го изготват извештајот ("Службен весник на РМ "бр. 33/06);

9. Правилник за објавување на писмо за намера за спроведување на проект, на решението за потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот, на студијата за оцена на влијанието врз животната средина, на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина и на решението да го одобри или одбие спроведувањето на проектот, како и методи за консултирање на јавноста ("Службен весник на РМ" бр. 33/06);
10. Правилник за трошоците за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина на проектот кои треба да бидат покриени од страна на инвеститорот ("Службен весник на РМ" бр. 33/06).

Управувањето со отпадот во Република Македонија е регулирано со Законот за управување со отпадот (ЗУО) („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15,192/15, 29/16 и 63/16). Дополнително, Законот ја регулира националната политика за управување со отпад преку Стратегијата за управување со отпадот 2008 - 2020, Националниот план за управување со отпадот 2009 – 2015 и соодветните програми за управување со отпадот на централно и локално ниво.

Други законски и подзаконски акти во делот на управување со отпад кои се од значење за подготовката на ОВЖС се наведени подолу:

- Правилник за количеството на биоразградливи состојки во отпадот што смее да се депонира („Службен весник на Република Македонија “ бр. 108/09);
- Правилник за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови неопасен отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.147/07);
- Листа на видови отпад („Службен весник на Република Македонија “ бр. 100/05);
- Правилник за начинот и условите за функционирање на интегрирана мрежа за отстранување на отпадот („Службен весник на Република Македонија “ бр. 7/06);
- Правилник за начинот и условите за складирање на отпад, како и за условите кои треба да ги исполнуваат локациите на кои што се врши складирање на отпад („Службен весник на Република Македонија “ бр. 29/07);
- Закон за водите („Службенвесникна РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 145/15);
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 39/12, 163/13, 146/15)
- Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15); и
- Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“бр. 06/12, 163/13, 146/15).

3.2 ПОСТАПКА ЗА ОВЖС

Севкупниот пристап кон оваа проценка се заснова на следново:

- Утврдување на основните еколошки услови во подрачјето опфатено со студијата;
- Идентификување на правната рамка за предложените активности и соодветни насоки;
- Определување на критериумите на значајност за да се направи проценка на нивото на евентуалните идентификувани можни влијанија кои произлегуваат од предложените активности;
- Идентификација, предвидување и проценка на веројатните негативни влијанија врз животната средина и врз општеството, како позитивни така и негативни, од предложените активности (во фазите на изградба и на работење на постројката);
- Идентификување на адекватни мерки за ублажување, унапредување и мониторинг со цел спречување, намалување или поправање на евентуалните значителни несакани влијанија врз животната средина; и
- Проценка на значајноста на евентуалните резидуални влијанија (тоа се влијанија кои остануваат и по имплементацијата на мерките за ублажување).

Постапката за ОВЖС се состои од следните 5 чекори:

1. Утврдување на потреба за ОВЖС (скрининг)
2. Утврдување на обемот на Студијата
3. Оценка
4. Ревизија и
5. Одлука за прифаќање за ОВЖС

Утврдување на потребата од ОВЖС

Инвеститорот доставува писмо за намера (нотификација) за спроведување на проект (во пишана и во електронска верзија) до МЖСПП во кое најавува дека има намера да иницира проект кој може да биде предмет на ОВЖС. Заедно со писмото, на инвеститорот му доставува мислење за тоа дали ОВЖС е потребна или не. Ако инвеститорот смета дека ОВЖС е потребно, може да поднесе барање за мислење од МЖСПП за обемот на ОВЖС, заедно со известувањето за намера.

МЖСПП издава решение со кое се пропишува услови кои треба да бидат земени предвид во Студијата. ОВЖС е задолжителна за сите активности наведени во Прилог 1 од Уредбата за ОВЖС и за оние кои се наведени во Прилог 2, кога има значително влијание, поради карактеристиките на проектот, како што е видот на активноста, локација или поради чувствителноста на животната средина на предложената локација. Решението издадено од МЖСПП содржи образложение за причините за спроведување на ОВЖС. Таквата одлука, откако ќе се изврши, е испратена на инвеститорот и се објавува на веб страната на МЖСПП.

Содржината на писмото за намера кое инвеститорот го доставува до МЖСПП треба да содржи:

- Информации за инвеститорот;
- Карактеристики на проектот, вклучувајќи ја и документацијата за капацитетот и големината;
- Опис на категоријата на активност согласно Прилог 1 на која проектот припаѓа;
- Ако инвеститорот смета дека ОВЖС не е потребна, треба да се наведе причината за таквото мислење;

- Треба да се обезбеди опис на локацијата на проектот и на околината;
- Треба да се обезбеди идентификација на потенцијални емисии во воздухот, водата и почвата;
- Карактеристики на потенцијалните влијанија врз животната средина и пределот, историското и културно наследство;
- Идентификација на други надлежни органи.

Писмото за намера се објавува на веб-страницата на МЖСПП. Одлуката за потребата за ОВЖС треба да биде објавена во рок од 30 дена од денот на доставување на писмо за намера. Ако инвеститорот побара истовремено мислење за потреба и обемот на Студијата, тогаш одлуката за двете треба да се даде во овие 30 дена. Во вакви случаи, се дава по 15 дена, во рамките на 30 дена период да добие коментари од други органи за опсегот на Студијата.

Утврдување на обемот

Утврдување на обемот на Студијата е предвидено во член 82 од Законот за животна средина. МЖСПП е надлежен орган за утврдување на обемот на студијата за ОВЖС. Мислењето за обемот може да се направи со ангажирање на овластен експерт за ОВЖС. МЖСПП го консултира инвеститорот, единиците на локалната самоуправа на чија територија ќе се спроведува проектот и други релевантни органи на државната управа и институции. Сите овие засегнати страни се очекува да обезбедат информации и нивно мислење во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето за консултација. Мислењето за обемот на студијата за ОВЖС треба особено да содржи: алтернативи кои треба да се земат предвид; основен преглед и истражувања; методите и критериумите кои се користат за предвидување и оценка на ефектите; мерки за подобрување; правните лица кои треба да бидат консултирани за време на подготовката на студијата за ОВЖС и структурата, содржината и обемот на информациите за животната средина. Мислењето за обемот издадено од страна на МЖСПП, исто така, се објавува на веб страната на органот. Согласност Законот за општа управна постапка рокот за определување на обемот на Студијата е 30 дена.

Оценка

Во текот на изработката на студијата за ОВЖС, инвеститорот е должен да ангажира најмалку едно лице од списокот на сертифицирани експерти за ОВЖС кој мора да ја потпише студијата за ОВЖС и со тоа да го гарантира квалитетот на Студијата. Проценката главно се фокусира на влијанието на медиумите и областите на животната средина.

Студијата за ОВЖС треба да го содржи следното: опис на проектот, локацијата, карактерот и големината на проектот, како и областа што е потребна; опис на животната средина и на нејзините медиуми на локацијата; опис на пејзажот, историското и културното наследство; опис на видот и количината на емисиите во воздух, вода, почва, видови на отпад кои се очекува да бидат генерирани, отпадни води, како и информации кои се неопходни за да се оценат значајните ефекти на проектот врз животната средина; опис на мерките за спречување, минимизирање и елиминирање на влијанијата врз животната средина, како и мерките кои можат да се преземат во случај на интервенција; опис на карактеристиките на технологијата што ќе се користи; опис на алтернативните решенија за реализација на проектот што инвеститорот ги разгледува и главните причини за предложената опција; исто така нултата опција е вклучена; резиме на студијата без технички детали; преглед на тешкотиите со кои инвеститорот или експертот се соочил во процесот на подготовка на студијата; предлог за големина и карактеристики според кои студијата за оцена на влијанието врз животната средина треба да се ажурира.

Ревизија

Инвеститорот ја доставува подготвената Студија за ОВЖС до МЖСПП. МЖСПП може да побара дополнителни информации ако информациите дадени во оваа студија не се доволни. Во случај инвеститорот да не ги достави бараните податоци во рок од 40 дена, МЖСПП може да назначи и експерт за ОВЖС да ја подготви студијата за ОВЖС со бараните додатоци. Штом МЖСПП добие информации дека студијата за ОВЖС е подготвена, објавува резиме на својата веб страница. Студија за ОВЖС исто така се испраќа на консултации со релевантните општини. Во рок од 30 дена, сите заинтересирани страни може да го достават своето мислење во писмена форма до МЖСПП. МЖСПП подготвува извештај за преглед на студијата за ОВЖС или за тоа може да назначи овластен експерт кој во име на МЖСПП (но тоа не треба да биде истиот експерт кој бил вклучен во изработката на студијата за ОВЖС). Ако во текот на ревизија, се смета дека некои информации недостасуваат, од инвеститорот се бара да обезбеди дополнителни информации во рок од 30 дена. Целта на извештајот на ОВЖС е да се изјасни дали студијата за ОВЖС е во согласност со условите пропишани во Законот за животна средина и истиот предлага услови кои треба да се предвидат во дозволата но и мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина. Извештајот за ревизија треба да биде врз основа на студијата за ОВЖС и врз основа на добиените коментари од заинтересираните страни. Извештајот од ревизијата се испраќа до надлежните органи и се објавува на веб-страницата на МЖСПП. Извештајот од ревизија треба да се изготви во рок од 60 дена, но во некои случаи, овој рок може да се продолжи до 90 дена (60+30).

Донесување одлука

МЖСПП издава решение со кое дава согласност или одбивање на барањето за спроведување на проектот. МЖСПП е одговорно за доделување на одлуката за согласност на ОВЖС, пред да може да се издадат други дозволи неопходни проектот да продолжи. Одлуката за согласност на процесот на ОВЖС содржи услови од дозволата за спроведување на проектот, како и мерки за спречување и / или намалување на штетните влијанија. Објавувањето на одлуката за согласност треба да содржи информации за тоа дали студијата за ОВЖС ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Објавување на одлуката

МЖСПП е должен да ја објави одлуката за согласност во рок од 40 дена од денот на доставувањето на извештајот за ревизија на ОВЖС.

Мониторинг, усогласеност и спроведување

Уредбата за ОВЖС бара планот за мониторинг да биде дел од студијата за ОВЖС. Надлежни институции за имплементација на планот за мониторинг се државниот инспекторат за животна средина и општините кои се под влијание на проектот.

Учество на јавноста

Согласно Законот за животна средина, јавноста може да достави писмени забелешки во текот на фазата на утврдување на обемот и на јавна расправа која е дел од ревизијата на студијата за ОВЖС. МЖСПП е должен да обезбеди достапност на сите информации за јавноста. МЖСПП може да им помогне на инвеститорот во идентификување на засегнатата јавност. Врз основа на член 90 од Законот за животна средина, неопходно е следниве документи да се направат достапни на јавноста: писмо за намера (известување), одлуката за потребата од ОВЖС, студијата за ОВЖС, извештајот од ревизијата, одлуката - согласност за ОВЖС и објавувањето на јавната расправа.

Објава на информации
Согласно Законот за животна средина, одлуката за потребата за спроведување на постапка за ОВЖС се објавува во најмалку еден дневен весник и на веб страната на МЖСПП. Оваа одлука, исто така, се објавува на огласната табла на МЖСПП. Студија за ОВЖС се објавува во најмалку еден дневен национален весник и покрај тоа во една локална радио / ТВ станица. Не-техничко резиме на студијата за ОВЖС се објавува на веб страницата на МЖСПП. Извештајот од ревизијата се објавува во најмалку еден дневен национален весник и на веб страницата на МЖСПП. Објавувањето на јавната расправа е направен во најмалку еден дневен национален весник и на локалните ТВ и радио станица. Јавноста има 30 дена да достави коментари за нацрт студијата за ОВЖС. Сите писмени коментари и сите коментарите добиени за време на јавната расправа треба да се земат во предвид.
Опис на секој од чекорите на постапката за ОВЖС е даден Дијаграмот, слика 2.

3.3 ОВЖС ПРОЦЕДУРА ЗА СКОПСКИ РЕГИОН

ОВЖС процедурта за Скопски регион започна со поднесување на Писмо за известување за намера и барање за определување на опсегот на студијата на 16 Март 2017 година до МЖСПП – Сектор за животна средина. Согласно член 90 параграф 1 од Законот за животна средина, писмото за известување за намера беше објавено на веб стрната на МЖСПП на 23 март и во дневниот весник Утрински Весник на 06 Април 2017. Согласно обезбедените информации во писмото за намера, а согласно член 81 МЖСПП издаде решение за определување на содржината и опсегот на студијата со реф.бр. 11-1179/9 на 31 мај 2017 година. Решението беше објавено во дневните весници Нова Македнија и Коха на 16 јуни 2017 и на веб страната на МЖСПП на 9 јуни 2017.

Информација за подготвената ОВЖС студија за Скопски регион беше објавена на веб страната на МЖСПП на 10 јули 2017 година, во Нова Македонија на 11 јули 2017 година и Коха на 12 јули 2017 година. Со ова беше дадена можност на јавноста да се запознае со проектот и содржината на студијата и да се подготви за јавна расправа. На 17 јули 2017 преку дневниот весник Нова Македонија и Коха, преку веб страната на МЖСПП како и локални ТВ станици, јавноста беше информирана за датумот и местото за одржување на јавна расправа. Исто така преку проектната канцеларија беа испратени голем број на покани до јавноста да земе учество на јавната расправа. Инвеститорот организира една јавна расправа во овој регион во Град Скопје на 21 јули 2017. Исто така се подготви записник од јавната расправа.

Слика 3 - 2 Постапката за ОВЖС